Мај 2019

**ДО: Сите заинтересирани страни**

**ПРЕДМЕТ: ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАНИ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА УСЛОВИ И ТАРИФА ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА КАНЦЕЛАРИИ, ОРДИНАЦИИ И ТРГОВСКО ДЕЛОВНИ ОБЈЕКТИ НА МАЛИ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА**

Почитувани,

Ве известуваме дека објавениот пречистен текст на Условите и тарифата за осигурување на канцеларии, ординации и трговско деловни објекти на мали и средни претпријатија е врз основа на измените и дополнувањата со цел законско доусогласување на текстот на истите.
Измените и дополнувањата на Условите и тарифата за осигурување на канцеларии, ординации и трговско деловни објекти на мали и средни претпријатија се донесени со одлука на Управниот одбор на ВИНЕР Виена Иншуренс Груп АД Скопје број 7102/0202/1/19 од 16.05.2019 година како што следи:

**2. Услови и тарифа за осигурување на канцеларии, ординации и трговско деловни објекти на мали и средни претпријатија**

Во Условите и тарифата за осигурување на канцеларии, ординации и трговско деловни објекти на мали и средни претпријатија, донесени на 21.10.2015 година под Арх.бр. 12502/0202/1/15,

Се менува насловот кој гласи:„ Услови за осигурување на канцеларии, ординации и трговско деловни објекти на мали и средни претпријатија“

**Во делот II.1 –ПОКРИТИЕ А,** поднасловот БИЗНИС ПАКЕТ се менува и гласи: „ БИЗНИС ПАКЕТ ОСИГУРУВАЊЕ НА ОБЈЕКТОТ И ОПРЕМАТА ОД ПОЖАР И НЕКОИ ДРУГИ ОПАСНОСТИ (согласно условите за осигурување од пожар и некои други опасности)„

**Во делот II.1 –ПОКРИТИЕ А,** во поднасловот БИЗНИС ПЛУС ПАКЕТ алинејата – ЗЕМЈОТРЕС се дополнува на крајот од реченицата со зборовите „во согласност со Условите за осигурување од опасност од Пожар и некои други опасности“ и истата во целост ќе гласи:

**„- ЗЕМЈОТРЕС,** за градежниот објект на сума на осигурување, а за опремата на договорена сума на осигурување на прв ризик, со франшиза од 25 % од сума на осигурување на објектот / договорената сума на прв ризик за опремата, во секој штетен настан,во согласност со Условите за осигурување од опасност од Пожар и некои други опасности.

**Во делот II ПОКРИТИЕ Б -** ДОПОЛНИТЕЛНИ ПОКРИТИЈА
(И ЗА БИЗНИС И БИЗНИС ПЛУС ПАКЕТ, СО СООДВЕТЕН ДОПЛАТОК) се менува насловот на досегашните точки Б, В, Г Д и Ѓ. и истите во целост ќе гласат:

„ Б. Ризик кршење стакло на прв ризик (во согласност со условите за осигурување на стакло од кршење)
В. Ризик кражба во согласност со Условите за осигурување од опасност од провална кражба и разбојништво.  (на прв ризик)

Г. Ризик кршење машини во согласност со Условите за осигурување на машини од машини од кршење и некои други опасности
Д.Ризици на електронска опрема во согласност со Условите за осигурување на електронски сметачи,процесори и слични уреди (на прв ризик)
Ѓ. Ризик Одговорност од дејност на сума на осигурување (во согласност со Условите за осигурување на општа одговорност) “.

Со почит,

**Акционерско друштво за осигурување**
**ВИНЕР- Виена Иншуренс Груп Скопје**